ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕТСКИ БОЛЕСТИ
ISHP KLINIKA UNIVERSITARE PËR SËMUNDJE TË FËMIJËVE
Бр. - Nr. 02-1928/2
08-08-2025 20 год-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 45, став 1, 2 и 3 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РСМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018, 275/19 и 14/20,215/21, 99/22,208/24), Правилник за систематизација на работните места во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести-Скопје, в.д директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести-Скопје на ден 08.08.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за избор на 1 ( еден ) извршител -кандидат за административен службеник по објавен јавен оглас за работното место помлад референт- администратор (болничко лекување) ,одделение за ИТ системи и поддршка, Сектор за административно – технички,општи работи и техничка служба 1 извршител со шифра ЗДР 0102 Г04 001**

1.Во врска со објавениот јавен оглас за вработување на административен службеник во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести-Скопје објавен на ден 08.07.2025 година во дневните весници ,,Нова Македонија,'' ,,Вечер '' и ,,Лајм'', како и на веб страната на Агенцијата за администрација, за работно место Помлад референт - администратор (болничко лекување) ,одделение за ИТ системи и поддршка, Сектор за административно – технички,општи работи и техничка служба со шифра **ЗДР 0102 Г04 001**, избран е кандидатот Фириназе Адеми со идентификационен код 908CB6C.

2. По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука ќе се донесе Решение за вработување на изборниот кандидат.

3.Оваа одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 45,став 1,2 и 3 од Законот за административни службеници( ,,Службен весник на РСМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 142/16, 11/2018, 275/19 и 14/2020, 215/21, 99/22,208/24), е утврдена постапката за донесување Одлука за избор за вработување на административни службеници врз основа на објавен јавен оглас. Врз основа на објавениот оглас број 712/2025 за потреба од вработување на административен службеник во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести-Скопје објавен на ден 08.07.2025 година во дневните весници ,, Нова Македонија,'' ,,Вечер '' и ,,Лајм '',како и на веб страната на Агенцијата за администрација , за работно место Помлад референт-администратор(болничко лекување) (болничко лекување) ,одделение за ИТ системи и поддршка, Сектор за административно – технички,општи работи и техничка служба , Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас , формирана со Решение со ваш број 10-1702/7 од 06.08.2025година, ја спроведе постапката за вработување која се состои од административна селекција , испит за административен службеник , проверка на веродостојноста на докази и интервју , изготви конечна ранг листа од сите фази на постапката за вработување и од Директорот достави Предлог за вработување на кандидати заверен под ваш број 10-1702/10 од 08.08.2025год. Врз основа на член 45, став 1,2 и 3 од Законот за административни службеници (,,Службен весник на РСМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018, 275/19 и 14/2020,215/21,99/22,208/24), Директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести –Скопје по разгледување на приложената ранг листа на кандидати и доставениот предлог за вработување одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат имаат право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – Скопје**
**в.д Директор / u.d Drejtor**
**Dr.spec. Rexhep Memedi**